**20230741431**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 5 став (4) од Законот за Царинската тарифа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/03, 69/04, 10/08, 160/08, 35/10, 11/12, 93/13, 44/15, 81/15 и 192/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/19 и 39/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 март 2023 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА[1] (*)

Член 1

Во Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија(*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 222/20, 281/20, 4/21, 53/21, 135/21, 197/21, 292/21, 78/22, 188/22, 218/22 и 25/23), во членот 1 во ставот (2) по бројот „481“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по Прилогот 482, се додаваат три нови Прилози 483, 484 и 485 кои се составен дел на оваа уредба.

Член 2

Прилогот 267 се брише.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3025/5
29 март 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

[1] Со оваа уредба се врши усогласување со Регулативите на Комисијата на ЕУ за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура, CELEX бр. 32022R2076, CELEX бр. 32022R2259 CELEX бр. 32022R2260 и CELEX бр. 32023R0002.

**Прилог 483**

| **Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕК) бр. 2076/2022** | **Распоредување<br>(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Производ кој се состои од различни изолирани жици од бакар, споени заедно во сноп, специјално дизајниран за инсталирање на фиксен уред со екран чувствителен на допир, гласовно управуван, без користење на раце (наведен како комплет за автомобил) во моторно возило.<br><br>Производот вклучува два осигурувачи и различни конектори, вклучувајќи и кабелски спојници. Точниот состав на производот (бројот на жици и специфични конектори) зависи од специфичниот модел на моторното возило).<br><br>По вградување, производот ги поврзува постоечкиот кабловски радио систем на возилото со комплетот за автомобил (кој овозможува работа на мобилниот телефон поврзан преку технологија на Bluetooth).<br><br>Ова овозможува трансмисија на електричните сигнали од комплетот за автомобил до радио системот на возилото (како и исклучување на другите звуци за време на телефонските повици) и обезбедува напојување. | **8544 30 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, и наименуванијата на тар. број 8544 и тар. подброј 8544 30 00.<br><br>Производот се состои од спроводници од тар. број 8544 подготвени како сет (види Коментар на Хармонизиран систем за тар. број 8544, осми параграф, последна реченица).<br><br>Производот е исто така специјално дизајниран за инсталирање во моторно возило за меѓусебо поврзување на различни апарати во моторното возило и за да се спроведе електрична струја и електрични сигнали.<br><br>Оттука, производот ги има објективните карактеристики на „други комплети спроводници од вид кој се користат во моторни возила" од тар. подброј 8544 30 00. Распоредување во тар подброј 8544 42 како „други електрични спроводници, за напон кој не надминува 1000 V, опремени со конектори" е исклучено.<br><br>Оттука, производот се распоредува во тар. подброј 8544 30 00 како други сетови од кабли од вид кој се употребуваат во моторни возила, воздухоплови или бродови. |

**Прилог 484**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 2259/2022** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Пластичен прстен со надворешен дијаметар од приближно 4 см и внатрешен дијаметар од околу 2 см. Прстенот има два мали отвора на надворешната и внатрешната страна. Содржи лента од неткаен текстил импрегнирана во миризливи супстанции.<br><br>Производот се поставува на грлото од шишето за пиење за да се ароматизира воздухот кој се вдишува при пиење на вода од шишето. Мирисот на ароматизираниот воздух се чувствува по ретроназален пат (т.е. од усната шуплина), на тој начин на консументот му дава чувство на консумирање на ароматизиран пијалок.<br><br>Производот е достапен во различни мирисни ноти и спакуван за малопродажба во вреќички од алуминиумска композитна фолија како производ за ароматизација.<br><br>(Види фотографија) (*)<br><br> | **3307 90 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа, Забелешка 4 од Глава 33 и наименуванијата на тар.број 3307 и тар. подброј 3307 90 00.<br><br>Производот не се употребува како суровина во индустрија, ниту како препарат од вид за производство на пијалоци. Производот не додава арома на течноста и затоа не му дава мирис на самиот пијалок. Оттука распоредување во тар. број 3302 е исклучено.<br><br>Производот е наменет за ароматизирање на воздухот, кој се вдишува при пиење на вода од шишето. Содржи лента од неткаен текстил импрегнирана во парфимиран препарат согласно забелешка 4 од Глава 33 (види и Коментар на ХС за тар. број 3307, точка (V) (5).<br><br>Оттука производот се распоредува во тар. подброј 3307 90 00 како други парфимирани производи на друго место неспомнати ниту опфатени. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |

**Прилог 485**

| **Опис на стоката**<br>**Согласно регулатива (ЕК) бр. 2260/2022** | **Распоредување**<br>**(Тар. ознака)** | **Основ за распоредување** |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Систем за прекривање на внатрешноста на сад за миење (мијалник), подготвен како сет за малопродажба, кој се состои од:<br><br>— пластичен сад за повеќекратна употреба (димензии приближно 39 × 33 × 14 cm);<br>— пластични листови (навлаки) за еднократна употреба намотани во ролна и кои се одвојуваат со кинење; и<br>— диспензер за листови (навлаки).<br><br>Садот, листовите (навлаките) и диспензерот се импрегнирани со антимикробно соединение кое го спречува ширењето на патогени. Ролната со листови се поставува во диспензерот. Системот е дизајниран така да спречи вкрстена контаминација што доведува до ширење на патогени при миење пациенти во болници, здравствени установи и нездравствени установи. | **3924 90 00** | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1, 3(б) и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименувањата на тар.број 3924 и тар. подброј 3924 90 00.<br>Производот е подготвен како сет за малопродажба согласно Основно правило 3(б). Суштински карактер на производот му дава садот за повеќекратна употреба изработен од пластика.<br>Распоредување во тар. број 9018 како медицински инструмент или прибор е исклучено зашто производот не се употребува за медицински третман на состојбата на пациентот. Фактот дека садот, листовите и диспензерот се импрегнирани со антимикробен препарат, што единствено служи за заштита од вкрстена контаминација и ширење на патогени, не го прави производот медицински инструмент или прибор за дијагностицирање или превенција или третирање на болест, оперативни зафати итн. Освен тоа, Коментарот на ХС за тар. број 9018 ги исклучува санитарните производи од прост метал (види Коментар на ХС за тар. број 9018, втор став, точка (д)). Ваквото толкување може да се прошири на аналогни производи од пластика.<br>Распоредување во тар. број 3922 е исклучено зашто садот нема карактер на санитарна стока од овој тар. број заради своите димензии, заради неговото привремено поставување за употреба (неперманентност) како и заради фактот дека не е дизајниран за да се поврзе на водоводен или канализациски систем. Садот има карактер на мал пренослив санитарен производ од тар. број 3924 (види исто Коментар на ХС за тар. број 3922, трет став, точка (а), и за тар. број 3924, точка (Г)).<br>Затоа, производот се распоредува во тар. подброј 3924 90 00 како други хигиенски или тоалетни производи од пластика. |